РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

УПРАВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ
ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

# ***ПРЕПОРАКА***

## *За консултантскиот тим на ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг*

**Дирекцијата за спречување на парење пари** во периодот од јануари 2006 до ноември 2006 година го реализираше проектот *Развој на Систем за заштита од перење на пари – Лот* 1 *(„Development capacity – supplies against money laundering – Lot 1 ")* договор со број 03MAC01/09/110.

Овој проект е финансиран од Европската Унија, а реализиран од страна на Конзорциумот во чиј состав влегуваат фирмите: ЕЦС, Сеавус и Трајковски & Партнери Консалтинг. Како резултат на овој проект од страна на Трајковски & Партнери беше изготвен документот Д-30 Прирачник за безбедност на информации и управување со ИКТ системите. Со овој прирачник тимот на Трајковски & Партнери Консалтинг, во соработка со Дирекцијата, ги дефинираше системите за управување со безбедност на информации и управување со ИКТ системите.

Ценејќи ја досегашната соработка чувствувам професионална и морална обврска да ја дадам оваа препорака за задоволство од работата со тимот Трајковски & Партнери Консалтинг и од постигнатите резултати. Мојот тим со стручна поддршка на Трајковски & Партнери Консалтинг успеа, во планираните рокови да ги разбере основите на управувањето со безбедност на информации и управувањето со ИКТ системи и да ја изготви потребната документација за воведување на управувачките стандарди. Тоа е делумно заслуга на компетентноста, посветеноста, креативноста, професионалноста и одговорноста на Трајковски & Партнери Консалтинг тимот. Особено сум задоволен од сериозноста на нивниот пристап кон работните задачи, запазување на роковите и навремено извршување на обврските, која беше присутна во текот на реализацијата на овој проект со што се стекнаа со доверба и почит кај моите вработени. Верувам дека нашата соработка ќе продолжи и во иднина.

Директор на Дирекцијата за спречување на перење пари

Г-дин Ване Цветанов